„Аллаху мој, јас сум само човек. Па ако некого од муслиманите го навредив, или го проколнав, или го казнив – направи тоа за него да биде прочистување и милост.“

Ебу Хурејре, Аллах нека е задоволен со него, пренесува дека Аллаховиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, рекол: „Аллаху мој, јас сум само човек. Па ако некого од муслиманите го навредив, или го проколнав, или го казнив – направи тоа за него да биде прочистување и милост.“

[متفق عليه] [صحيح]

Пратеникот, салаллаху алејхи ве селем, правел дова велејќи: „Аллаху мој, јас сум човек и се лутам како што се лутат луѓето. Па ако некому од верниците некогаш му нанесов болка – со тоа што го навредив, го укорив, го проколнав, направив дова да го оддалечиш од Твојата милост, или го казнив или удрив – направи тоа да му биде чистење, приближување кон Тебе, искупување на неговите гревови и милост со која ќе го облееш.“

http://www.sunnah.global/hadeeth/mk/show/65812